# Шри Ланка Експедиција

## 1. септември 2026. - 11. септември 2026.
## 11 дена - 9 ноќи

### Спремни за авантура што ќе ја раскажувате долго?

Слетуваме на аеродромот во Коломбо и тука започнува нашата авантура!

Поаѓаме кон срцето на **Шри Ланка – Сигирија!** Тука ја посетуваме **Лавовската карпа** и тврдина која ја качуваме по 1200 скали. Вртоглаво звучи но навистина вреди. Исто така, ќе имаме прилика  да посетуваме резерват на слонови, имаме прилика да ги храниме, да се сликаме со нив и за тие што сакаат може и да се возат на слон. Потоа, пативаме кон **Дамбула** каде ќе ги посетиме 5-те храма во пештера и Златниот храм. Потоа посетуваме градина со зачини каде ќе имате можност да купите зачини, чаеви и креми со алое.

Продолжуваме кон **Кенди**, град опколен со џунгла и редовни посетители макаки мајмуните! Со овие палавковци се дружиме секој ден. Во Кенди, ќе посетиме **ботаничката градина Пераденија**, **кулата Амбулувава** уште еден highlight на Шри Ланка, **храмот на светиот заб на Буда** во кој се чува светиот заб на буда кој Шри Ланканците го имаат украдено од Индија минатиот век.

По нашата автура во **Кенди**, одиме кон **Ела**. Попатно посетуваме плантажа на чај на која ќе може да береме и дегустираме чај. Во Нувара Елија ја посетувме познатата розева пошта, која е заштитен знак на ова мало колонијално градче, и си испраќаме разгледници! Од **Нувара Елија**, со воз се упатуваме за **Ела**. Ова патување со воз е едно од најживописните патувања со воз. Гледаме плантажи со чаеви, мали селца, џунгли, тунели, мостови и бесконечни планински венци. Пристигнуваме во Ела. Ела е мало симпатично градче кое е на 1000 метри надморска височина. Опколено е со џунгла и водопади. Додека сме во Ела, го посетуваме и **мостот со 9 сводови** кој е еден од најфотографираните мостови во светот. Планинариме и до **Малиот Адамов врв**. Ова планинарење е лесно и патеката води низ плантажи со чај, џунгла и неверојатна природа. Го посетуваме и **Ravana Pool Club** во кој може да се опуштите и одморите по планинарењето. Се посетува и водопадот Равана, кој е именуван по лошиот демон Равана кој по Рамајаната демонот ја криел саканата јракуца Сита во пештерата позади овој водопад.

И стигнуваме во **Унаватуна**…
Тука започнува нашиот тропски, морски дел од авантурата! Златни плажи, топли бранови и атмосфера што веднаш ве „ресетира“ на океански режим.

Од Унаватуна, тргнуваме да ги откриеме најубавите брегови на јужна Шри Ланка. Прво го посетуваме **Гал (Galle)** – величествениот град-тврдина, каде холандската архитектура, уличките со шарм и погледот кон Индискиот океан создаваат чувство како да сте влегле во друга епоха.

Потоа продолжуваме кон **село Велигама**, домот на познатите „стилт рибари“ и едно од најубавите места за уживање во песочните плажи и релаксирање со кокос во рака. Тука ќе имаме можност и за фотосесија со рибарите – вистински симбол на Шри Ланка.

Следна станица е **Angels Beach**, совршена плажа за пливање, сончање и уживање во тропското сонце. Кристално чистото море и белите бранови создаваат сцени како од разгледница.

Потоа се упатуваме кон **Хирикетија** – мало, хипстерско заливче со тиркизна вода, идеално за сурфање или едноставно за chill под палма. Атмосферата е опуштена, плажата интимна, а вибрата – чиста магија.

Продолжуваме кон **Тангале**, место познато по долги диви плажи, мир, тишина и неверојатни залези. Ако сакате момент само за себе, ова е рајот кој го баравте.

И, секако, не можеме да ја изоставиме иконската **Coconut Tree Hill** – карпестиот рид над морето, опкружен со кокосови палми, каде правиме фотографии што изгледаат како од тропски филм. Ова место е едно од најфотографираните на целиот остров. □□

По сите морски авантури, вкусна храна, сончеви утра и романтични залези, ја завршуваме нашата приказна преполни со спомени, енергија и емоции што се паметат цел живот.

Дали сте подготвени за вашата следна незаборавна авантура? □□

## !!!! СИТЕ ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ЗА ШРИ ЛАНКА - ЕКСПЕДИЦИЈА!!!!

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците на Меѓународниот Аеродром во Скопје. Лет од Скопје за Истанбул со Turkish Airlines, пристигнување во Истанбул. Преседнување на лет за Коломбо, Шри Ланка. Започнува нашата незаборавна авантура на еден од најживописните и весели острови во Индискиот Океан.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж.
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Коломбо (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж.

**Место**
Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување на Шри Ланка и Пинавала -- резерват за слонови.**

Пристигнуваме во Коломбо во утринските часови. Добредојдовте во земјата на вкусови, бивши Сејлон, денешна Шри Ланка, земјата на чаеви, скапоцени камења, насмеани луѓе и неверојатна природа, Будизам, слонови, уникатни места заштитени од УНЕСКО, свила итн. Нашиот прв ден го започнуваме со дружење со најпознатите жители на овој магичен остров. Посетуваме резерват за слонови каде уживаме во дружењето со овие препаметни животни. Посетителите на ова село најчесто имаат прилика да ги хранат слоновите и да ги набљудуваат додека се капат во локалната река. Специфично за ова село е што слоновите се движат и по самите улици -- навистина магично искуство. Во Пинавала, постои можност, Вие самите да капете слон – прилика да направите неверојатни фотографии и спомени. Трансфер од Пинавала до Сигирија. Се сместуваме во нашиот хотел и имаме слободно време. Вечерта одиме во пре-кул ресторан и бар кој го чуваме како тајна уште од 2021 година, кога го откривме... :) ***Ноќевање***.

**Превоз**
Трансфер од аеродром до Пинавала
Трансфер од Пинавала до сместување

**Сместување**
Fresco Water Villa **(1 ноќ)**

**Место**
Коломбо (Colombo), Сигирија

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 3: Лавовската карпа, Дамбула, Златниот Храм и Џунгла со зачини.**

По појадокот се упатуваме кон ***Сигирија*** – лавовската карпа, камена тврдина со неверојатно културно наследство од античкиот период која е под заштита на УНЕСКО, еден од highlight-ите на Шри Ланка и едно од најуникатните места на #ЦелСвет кои го одземаат здивот. Правиме одлични фотографии под карпата, а потоа, се качуваме на врвот на истата. Од доле до врвот има 1200 скали, а качувањето трае околу 2 часа, во зависност од вашата кондиција, возраст и гужва на самиот локалитет. Од Сигирија, продолжуваме за ***Дамбула***, каде ги посетуваме 5-те храма во пештера и***Златниот Храм***. Авантурата продолжува до ***Кенди***. Попатно, правиме пауза за ручек и посетуваме ***плантажа (градина) со зачини и билки***. Учиме за сите зачини и билки кои растат на овој остров -- дали знаевте дека циметот потекнува од Шри Ланка? Пристигнуваме во Кенди и се сместуваме во нашиот хотел. Вечерта, заедно со нашиот претставник правиме прошетка низ Кенди и седнуваме во некое ресторанче на вечера. ***Ноќевање***.

**Превоз**
Трансфер од Сигирија до Кенди

**Сместување**
Oak Ray Serene Garden Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Сигирија, Кенди (Kandy)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 4: Ботаничката градина Пераденија, кулата Ambuluwawa и Храмот на Светиот заб.**

Потенцијално се будиме од звуци на мајмуни кои се шеткаат на нашите тераси :) Кенди е град во самото срце на островот, опколен со џунгла, а еден од неговите главни жители се макаки мајмуните. Со овие познати "палавковци" се дружиме скоро секој ден. По појадокот, одиме на обиколка низ Кенди – локалниот пазар, градскиот плоштад, прошетка околу езерото итн. По прошетката во градот, одиме во посета на ботаничката градина Пераденија која е впрочем и најубавата ботаничка градина во Шри Ланка. Дали знаете дека и Јосип Броз Тито, Кралицата Елизабета II, Јури Гагарин и уште стотици други познати личности имаат посадено дрва во оваа градина. Посетуваме и фабрика (и музеј) за обработка на скапоцени и полу-скапоцени камења. Денот го продолжуваме кон кулата Амбулувава – уште еден highlight на Шри Ланка, каде правиме неверојатни спомени и фотографии. Од билетарницата, до самата кула се возиме со тук-тукови, кои за време на експедицијата низ Шри Ланка ни станува регуларно превозно средство. Качување на самиот врв на кулата не се препорачува на луѓе кои се плашат од висина :). А сите кои сакаат да го доживеат незаборавниот поглед над цел остров, можат да се искачат до четвртиот кат по внатрешни скали. Се враќаме во Кенди. Вечерта го посетуваме Храмот на Светиот Заб на Буда – едно од најсветите места на Будистите на #ЦелСвет. Во овој храм се чува заб на Буда, кој Шри Ланканците го имаат "украдено" од Индија минатиот век. Гледаме традиционален перформанс, додека стотици верници се редат да положат цвеќе пред забот. Ноќевање.

**Сместување**
Oak Ray Serene Garden Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Кенди (Kandy)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 5: Плантажа и фабрика за чај, Розевата пошта и Возење со воз до Ела**

По појадокот имаме трансфер од Кенди до Нувара Елија. Застануваме и посетуваме плантажа и фабрика за чај – Damro Labookellie Tea Plantation. Учиме за процесот на прозиводство на познатиот Цејлон (Ceylon) чај, имаме можност да дегустираме традиционален чај и да уживаме во неверојатните глетки над плантажите со чај. Продолжуваме до Нувара Елија -- колонијален град кој локалците го викаат Мала Англија. Ја посетуваме познатата розева пошта, која е заштитен знак на ова мало градче. Од Нувара Елија, се качуваме на воз и се упатуваме за Ела. Ова е една од најживописните линии со воз на #ЦелСвет која трае од 3.5 до 4 часа. Плантажи со чаеви, мали селца, џунгла, живописни мостови, тунели, водопади, и бесконечни планински венеци.. Авантура и highlight на Вашето патување кое никогаш нема да го заборавите. Пристигнуваме во Ела. Градче лоцирано на 1000 метри надморска височина, опколено со планини, џунгла и водопади. Се сместуваме во нашиот хотел. Вечерта се симнуваме во центарот на градчето каде има премногу кафулиња во бохо стил, а еден од нив, никогаш не затвара – работи 24/7. ***Ноќевање***

**Превоз**
Трансфер од Ела до Мириса

**Сместување**
Hotel Ella`s Edge Resort **(1 ноќ)**

**Место**
Кенди (Kandy), Ела

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 6: Мостот со 9 сводови, Little Adams Peak, Ravana Pool Club и водопадот Равана.**

По појадок се спуштаме до ***мостот со 9 сводови*** – еден од најфотографираните мостови на светот и нешто што може да се види на повеќето разгледници од Шри Ланка. Доколку стигнеме на време, ќе имаме шанса да го фотографираме мостот додека воз поминува по него. Потоа, одиме да планинариме до ***Малиот Адамов*** врв. Патеката воопшто не е тешка, а не води низ плантажи со чај, џунгла и преубава природа. Време е за релаксација -- го посетуваме еден од најпознатите дневни клубови на Шри Ланка. Добредојдовте во ***Ravana Pool Club*** -- клуб инспириран од најдобрите дневни клубови на Бали, тука има буквално сè -- ziplines, адреналинска лулашка, базен на повеќе спрата, бар, ресторан и што ли уште нè. Патот го продолжуваме до ***водопадот Равана*** – преубав водопад кој го носи името по лошиот демон Равана кој по Рамајаната, во пештерата позади овој водопад демонот ја криел сакаsucc кралицата Сита. Оттука продолжуваме до Унаватуна -- една од најпознататите плажи на Шри Ланка. Пристигнуваме во вечерните часови, се сместуваме и вечерта пиеме коктел или јадеме морско на плажа. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Hotel Flower Garden **(1 ноќ)**

**Место**
Ела, Унаватуна (Unawatuna)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 7: Зелената лагуна, рудникот на месечев камен и резерват за желки.**

Авантурата ја почнуваме во рани зори :). Одиме на возење со катамарани по ***зелената лагуна***. Се восхитуваме на природата на ова место. Потоа, посетуваме познат ***Будистички храм*** кој е достапен само преку езерото. Од таму, се упатуваме кон ***рудник за скапоцениот камен Moonstone*** (месечев камен), по кој Шри Ланка е надалеку прочуена. Овој скапоцен камен може да се најде само на ова место, тоест, овој рудник е единствен природен извор на Moonstone на целиот свет. Во близина, посетуваме и ***фарма на желки*** која се наоѓа во близина на ***Хикадува***. Средбата со овие преубави суштества сигурно ќе ве расположи. На враќањето ќе имаме шанса да го посетиме музејот на жртвите на цунамито.  Потоа одиме кон ***огромниот споменик*** кој Јапонија го има подигнато на местото каде што цунами има превртено воз пред неколку години, во кој се наоѓале преку 300 луѓе. Враќање во Мириса. Ноќевање.

**Сместување**
Hotel Flower Garden **(1 ноќ)**

**Место**
Унаватуна (Unawatuna)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 8: Градот Гал, Angels Beach и селото Велигама**

По појадок се упатуваме кон еден од најубавите градови во ***Шри Ланка -- Galle***, кој го краси Холандска архитектура и безброј мали уметнички галерии и тивки кафичи. Се враќаме на ***плажата Унаватуна*** и се стационираме во Angels Beach Club, еден од најубавите beach барови во Шри Ланка, со прекрасна лулашка со ангелски крилја која дефинитивно ја имате видено на слики на социјалните медиуми. На само 5 минути по плажа се наоѓа и познатата Unawatuna Rope Swing, адреналинско искуство од кое ќе направиме стотици незаборавни фотографии! Завршуваме на заштитниот знак на Шри Ланка – рибарите во ***селото Велигама***, кои ловат риби седејќи на стапови, сред море. После ова незаборавно доживување се враќаме кон нашето сместување. Ноќевање.

**Сместување**
Hotel Flower Garden **(1 ноќ)**

**Место**
Унаватуна (Unawatuna)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 9: Плажите Хирикетија, Тангале и Coconut Tree Hill**

Овој ден е резервиран за посета на некои од најпознатите плажи на Шри Ланка. Започнуваме со плажата ***Хирикетија***. Мал, скриен залив со златен песок, стотици палми и најтиркизниот Индиски океан. Седнуваме во beach бар или тренди кафуле, и уживаме на оваа плажа. Оттука продолжуваме кон плажата Тангале -- една од најегзотичните плажи на Шри Ланка. За да стигнеме до неа имаме кратка прошетка низ бујната тропска џунгла. Денот го завршуваме на  **“Coconut Tree Hill”** – уште еден highlight на Шри Ланка кој може да се види на многу разгледници од оваа држава. Уживаме во прекрасните погледи и се враќаме назад во хотелот. Ноќевање.

**Сместување**
Hotel Flower Garden **(1 ноќ)**

**Место**
Унаватуна (Unawatuna)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ

**Ден 10: Слободен ден за уживање**

Правиме check-out од нашиот хотел имаме слободното време да уживаме во магијата на тропскиот остров и неговата најубава плажа! Сончање, масажи, овошје и морски плодови. Овој ден ви препорачуваме да ги посетите "Secret Beach" или "Turtle Beach" -- две скриени плажи кои се наоѓаат во непосредна близина на Мириса.

**Сместување**
Hotel Flower Garden **(1 ноќ)**

**Место**
Унаватуна (Unawatuna)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 11: Враќање и крај на патувањето**

Во раните утрински часови имаме трансфер од Унаватуна до ***аеродромот во Коломбо.*** Утрински лет со Turkish Airlines од Коломбо за Скопје со преседнување за Истанбул. Пристигнување во Истанбул, преседнување на лет за Скопје. **Крај на нашата незаборавна експедиција на Шри Ланка.**

**Превоз**

Трансфер од сместувањето до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Коломбо - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Коломбо (Colombo), Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**1.699,00** EUR

**ПРОМО ПОПУСТ!**
Попустот важи само за **првите 4 пријави!**
**1.499,00** EUR

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Виза за Шри Ланка која изнесува 50$

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

**Факултативни излети**

**ШРИ ЛАНКА - ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ**

*****ПАКЕТ ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ*****

**Пакетот излети ги вклучува следните активности/излети:**

- Посета на Пинавала – резерватот (сиропиталиште) за слонови.
- Посета на Сигирија – комплексот кај лавовската карпа (со локален водич)
- Посета на 5-те пештерски храмови и златниот храм во Дамбула (со локален водич)
- Посета на плантажа со зачини
- Посета на Ботаничката градина Пераденија
- Посета на Храмот на Светиот Заб на Буда во Кенди, со локален водич
- Посета на плантажи и фабрика за чај – Damro Labookellie Tea Plantations
- Посета на розевата пошта во Нувара Елија
- Воз од Нувара Елија до Ела
- Посета на Ravana Pool Club (влезница за базенот, лулашките, зиплајнот или VIP Lounge-от се доплаќа на лице место)
- Качување на Малиот Адамов Врв
- Посета на мостот со 9 сводови
- Посета на Равана водопадите
- Посета на градот Гал
- Посета на плажата Мириса
- Посета на рибарското село Велигама
- Посета на Coconut Tree Hill
- Возење со катамарани низ зелената лагуна (Madu River)
- Посета на рудникот за Moonstone
- Посета на будистички храм
- Посета на резерват за морски желки

- Посета на споменик музеј на жртвите од цунами
- Посета на плажата Унаватуна и Angels Beach Club
- Посета на плажата Хирикетија (Hiriketiyaa Beach)
- Посета на плажата Тангале (Tangalle Beach)

**Во цената е вклучено:** Сите трансфери, влезници, претставник од нашата агенција, локален и лиценциран водич на локалитетите

**Во цената не е вклучено**: Бакшиш, храна и пијалоци и останати лични трошоци

**Сместување**

**Fresco Water Villa** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Fresco Water Villa е хотел со 4* (по локална категоризација). Хотелот е опкружен со егзотични и живописни шуми и пејсажи. Лоциран е на само 20тина минути од познатата лавја карпа Сигирија. Хотелот располага со двокреветни соби со приватен тоалет, минибар и телевизор. Како и ресторан, бар, базен и бесплатен интернет.

Услугата е на база ноќевање со појадок.

**Сајт**
https://www.oakrayhotels.com/fresco-water-villa-sigiriya/

**Адреса**
Sigiriya Road
Kimbissa
Sri Lanka

**Oak Ray Serene Garden Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Oak Ray Serene Garden Hotel е сместувачки објект во Канди (Kandy) со 3*(по локална категоризација). Хотелот располага со двокреветни соби и базен. Секоја соба има сопствен тоалет, балкон, фрижидер и клима уред. Собите се чисти и едноставно уредени. Услугата е на база ноќевање со појадок (континентален појадок).

**Сајт**
https://www.oakrayhotels.com/

**Адреса**
No. 189 Rajapihilla Mawatha
20000 Kandy
Sri Lanka

**Hotel Ella`s Edge Resort** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Хотелот Ella;s Edge е сместувачки објект со 3* по локална категоризација во Ела, Шри Ланка. Хотелот располага со двокреветни соби, тоалет, клима уред, бесплатен интернет, ресторан, градина.

*Услугата е на база ноќевање со појадок.*

**Адреса**
Hotel Ella`s Edge Gonnile road
Wellawaya Rd

90090 Ella
Sri Lanka

**Hotel Flower Garden** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Hotel Flower Garden е хотел со 4* (по локална категоризација) во Унаватуна, Шри Ланка. Унаватуна е едно од најпознатите приморски градчиња во Шри Ланка познато по својата прекрасна плажа со златен песок, илјадници палми, познатиот Palm Swing и Индискиот океан! Хотелот се наоѓа на само неколку минути од плажата. Flower Garden располага со сопствени базен, спа, фитнес центар, ресторан и бар. Се сместуваме во дво-креветни или тро-креветни соби со фен, сеф, балкон/тераса и купатило опремено со сите потребни

**Сајт**
http://hotelflowergarden.lk/

**Адреса**
http://hotelflowergarden.lk/

## Превоз

### Авион

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

### Локален трансфер

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

## Места

### Скопје

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

### Истанбул

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

### Коломбо (Colombo)

Коломбо е главен град на Шри Ланка и најголем град на островот со околу милион жители. Зборот Коломбо потекнува од синхалските зборови Колом Тота, што значи морско пристаниште. Коломбо бил важен центар и пред колонијалниот период затоа што бил дел од Патот на свилата.

### Сигирија

Сигирија или Синхагири е древна карпеста тврдина лоцирана во северниот дел на Матале во близина на градот Дамбула во Шри Ланка. Локалитет со историско и археолошко значење во кое доминира масивна колона од гранитна карпа висока околу 180 метри.

### Кенди (Kandy)

Кенди е културна престолнина на Шри Ланка. Се смета за еден од најубавите и најживописни градови. Се наоѓа во средиштето на островот. Самиот град, како и неговата околина се исклучително богати со прекрасна природа, тропски вртови, како и културни и верски објекти.

### Ела

Ела е мал град во округот Бадула во провинцијата Ува, Шри Ланка управуван од Урбан совет. Се наоѓа на околу 200 километри источно од Коломбо и се наоѓа на надморска височина од 1.041 метри надморска височина. Областа има богата био-разновидност, густа со бројни сорти на флора и фауна.

### Унаватуна (Unawatuna)

Унаватуна е град во јужна Шри Ланка. Познат е по својот корален гребен и плажите обрабени со палми, како што е плажата Унаватуна. Сместен во блиската џунгла, Јапонската пагода на мирот има ступа со поглед на океанот. Фармата за морски желки и инкубаторот јужно од градот ги штитат загрозените видови. Северно преку заливот се наоѓа утврдениот стар град Гале, основан од Португалците и проширен од Холанѓаните во 17 век.

## Корисни информации

### Шри Ланка

#### 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈАТА

**Демократска Социјалистичка Република Шри Ланка** е островска земја во Јужна Азија. Го опфаќа островот Шри Ланка (во минатото нарекуван Цејлон), и неколку помали острови во Индиски океан, југоисточно од Индиски полуостров. Поголемиот дел од земјата опфаќа низини и ридести подрачја.

**Површина на земјата**: 65.610km2, 119. по големина во светот;
**Број на жители**: 19.607.519
**Главен град:** Colombo
**Националност**: Две најчести заедници се Синхалези, во главно будисти (75%0 и Тамили чиј регион традиционално е хиндуистички (18%). На островот живее и значајна сунитска муслиманска заедница (7%) чии припадници зборуваат на тамислки јазик.
**Службен јазик**: сингалешки и тамилски

#### 2. ВИЗА

За македонски државјани виза за Шри Ланка е задолжителна. Цената на визата е 50 УСД по лице. Плаќањето за виза се врши онлајн со дебитна картичка. Пасошот за време на патувањето мора да важи уште минимум 6 месеци, а визата се одобрува во рок од 24 часа од поднесување на барањето. Затоа, за вадење на виза се доволни 2 седмици пред поаѓање, а сите потребни информации и инструкции како да аплицирате ќе ги добиете од агенцијата.

Апликацијата се пополнува на следниот линк: https://www.srilankaevisa.lk/

#### 3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА

UTC + 5:30, што значи 3:30 часа во однос на С. Македонија.

#### 4. КЛИМА

Климата е монсунска. Реките Mahawelli, Bala и Gelani изобилуваат со вода само во периодот на дождови во годината. Тропската вегетација е многу бујна, е пешачките брегови се обраснати со мангрови. Годишната количина на дождови во југоисточните краишта изнесува околу 5.000мм, а во северните 1.000мм. Просечна годишна температура на надморска висина од 1.000м е 24.5, а во приморската рамнина 27.3 целзиусови степени.

**5. ХРАНА И ПИЈАЛОК**

Шри Ланка е надалеку позната по добрата кујна, особено зачините и претставува мешавина на тајландска, кинеска и индиска кујна. Можно е да најдете и западна храна - пица, сендвичи, паста, салата. **Важно е да се напомене дека за пиење се употребува исклучиво флаширана вода.**Секако препорачуваме да уживате во традиционалната кујна и да испробате свежа риба, кари, роти и класичната азиска кујна која се базира на ориз, риба, пилешко, свежо овошје и зеленчук. Добро е да знаете дека речиси секаде ставаат шеќер, и во цедените сокови, и во овошните салати, дури и во омлетот па ако не сте љубители на слатко внимавајте и нарачајте без шеќер. Кујната на Шри Ланка во поголемиот дел е под индиско влијание. Во внатрешноста на земјата најдобро е да ги пробате специјалитетите како роди (полнето тесто) и коту (измешани јајца со зеленчук и зачини). Во крајбрежниот дел секако препорака е да пробате разни видови на најсвежа риба (туна, баракуда, зубатац и сл.) и морски плодови (ракчиња, лигњи и сл.) Сите овие специјалитети се навистина евтини на Шри Ланка. Од слатки јадења вреди да се проба специјалитет од кокос во палачинки со пченка. Шри Ланка има и своја ракија од кокос наречена арак. Од алкохол, најмногу се пие пиво, ледено ладен Lion, кој особео годи на високата стапка на влага која владее на Шри Ланка.

**6. ЗДРАВЈЕ**

Најдобро е сами да се обратите во Институт за јавно здравје, но од нашето досегашно искуство нема потреба од вакцинација. Во секој случај, одлуката е ваша. На патниците секогаш им препорачуваме на далечните патувања да понесат пробиотици, лекови за покачена телесна температура за секој случај. Исто така, понесете и некое средство против убоди од комарци (Аутан).

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Не е задолжително но е секако препорачливо. Можете да го уплатите во која било осигурителна компанија или во нашата агенција најдоцна 5 дена пред поаѓање.

**8. ОБЛЕКА**

Што се однесува до гардеробата, понесете летна облека и спакувајте што е можно помалку во багажот. Понесете и нешто по долги ракави и долги панталони поради авионите и посета на храмовите. Исто така секогаш советуваме во рачниот багаж да понесете малку гардероба во случај на загубен багаж. Сеоветуваме торбите да ги завиткате во заштитна фолија на аеродромот во Белград.
Во поголемиот дел од сместувањето постои можност за перење на алиштата која е евтина и ги пере сосема добро. Релативно се брзи, доколку им дадете денес, утре ќе биде подготвена за ново носење. Исто така можете и да купите се и сешто, од од кратки маици до костими за капење. Доколку се одлучите на потфатот качување на Адамов Врв (Шри Пада) тогаш неопходно е да имате и удобни патики за качување.
Во случај на евентуални дождови во текот н вашиот престој се препорачува да понесете чадор или кабаница.

**9. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Можете да носите евра или долари. Односот е 1ЕУР = 347.25 рупии, а 1 долар изнесува околу 320 SLR. Постои можност За користење на платежни картички, пред се на банкоматите, но не треба премногу да се потпрете на тоа. Провизиите не се високи, но треба да проверите во матичната банка.
Доколку сепак одлучите да користите платежни картички, задолжително најавете заминување во странство во матичната банка, за да не дојде до блокирање на картичките.

**10. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи функционираат на Шри Ланка. Што се однесува до цената на роамингот, проверете на интернет страниците на Вашиот мобилен оператор. Можете да купите и локални картички кои не се скапи. Што се однесува до безжичниот интернет (wi-fi), конекцијата умее да биде побавна, но е сосема доволна за основна комуникација.

**11. ТОПЛА ПРЕПОРАКА**

Шри Ланка е сеуште неистражена туристичка мамка која секако се исплати да ја истражите. Позната е по зачините и зелениот чај. Препуштете се на авантура по поранешниот Цејлон, уживајте во насмеаното и срдечно население, опуштете се со најдобриот зелен чај на целиот свет и уживајте во природата која го одзема здивот. Со себе понесете мноштво зачини, од куркума и цимет до ванила, а на враќањето во Македонија оживејте ги мирисите на Шри Ланка во вашата кујна. Најчести сувенири од Шри Ланка се чаеви, зачини (пред се цимет), ајурведски природни лекови (креми, лосиони и сл.), фигури од мајмуни, Буда, слонови; регионот Негомба е познат по кожата (обувки, торби, колани), а во Хикадуви можете да најдете гардероба бидејќи постојат многубројни кројачки дуќани долж главните улици. Во Кенди можете да одите во шопинг на пазарите но и во стоковната куќа Одел.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе

биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се појасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.